КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН

www.karpos.gov.mk

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

22 - 28 март 2021 Билтен бр. 417

ЗИМСКАТА СЛУЖБА НА КАРПОШ ГО РАСЧИСТУВА СНЕГОТ И ПАДНАТИТЕ ДРВЈА

Комуналната и зимска служба на општина Карпош работат на расчистување на новопаднатиот снег пред пофреквентните места: градинките, основните училишта, пешачките зони и сервисните улици.

Општинските хигиеничари ги расчистуваат и паднатите гранки и дрвја, кои се забележуваат во повеќе населби низ Карпош. Паралелно се расчистува во повеќе урбани заедници за да се овозможи нормално и безбедно движење на граѓаните.

Во текот на вчерашниот ден, во вечерните часови, на повисоките места како Жданец, Трнодол и долж улицата „Ловќенска“ (Козле) беше истурена сол за да се олесни сообраќајот и движењето на жителите.

Ги повикуваме сите граѓани на зголемена внимателност при движењето и на одговорно однесување во сообраќајот.

ДВОНАСОЧНАТА КОМУНИКАЦИЈА НА КАРПОШ Е МОТИВИРАЧКА И ЗА ДРУГИТЕ

Мобилната апликација „м3аедница“ (достапна за iOS и Android), веќе неколку години претставува платформа која овозможува пофлексибилна комуникација меѓу граѓаните и административците од општина Карпош. Токму оваа причина го мотивираше Меѓународниот републикански институт (ИРИ) да иницира онлајн настан, на кој беше презентирана оваа успешна дигитална алатка.

Притоа, воведно обраќање имаше градоначалникот Стефан Богоев, кој ја истакна потребата од системски промени во сферата на дигитализација на јавните услуги.

– Живееме во колективистичко општество, каде што луѓето сакаат да пријават и основни комунални проблеми до градоначалникот или носителот на јавна функција, односно да пристапат физички до општината. Сепак, овој однос значи две работи. Луѓето немаат доверба во системската поставеност во институциите и проблемот да го пријават до соодветните служби и сектори. А, за жал и голем дел од носителите на јавни функции сакаат „за с□ да одлучуваат“ и оттука да ја црпат својата моќ. Но, токму овој тип на комуникација, преку дигитални алатки овозможува поголема ефикасност на администрацијата, двонасочна и структурирана комуникација, рече Богоев.

За техничките аспекти на апликацијата, зборуваа Зорица Велковска и Милан Танчески од Центарот за социјални иновации „БЛИНК 42–21“. Токму за „м3аедница“, оваа организација ја доби и Европската награда за млади, во 2019 година, во категоријата „Активно граѓанство – дигитално решение со влијание врз општеството“. Позитивниот пример од Карпош ќе го следат уште две општини. Наскоро, оваа апликација ќе биде достапна и за граѓаните од Валандово и Велес.

Во овие моменти, се подготвува нова верзија (update) на мобилната апликација, со што истата ќе стане уште поблиска до граѓаните, полесна за користење и со можност да се доставуваат поднесоци до општинската администрација.

Во рамки на онлајн дискусијата, претставниците од ИРИ ја поздравија иницијативноста и конкретната соработка меѓу локалната самоуправа и оваа граѓанска организација. Тие посочија дека постои разочарување меѓу граѓаните ако се сведоци на игнорантски однос, а „м3аедница“ поттикнува видлива двонасочна комуникација, поткрепена со фотографии од терен, од реалните проблеми или решенија.



КАРПОШ СЕ ПРИКЛУЧУВА КОН ЧАСОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Општина Карпош се приклучува кон акцијата „Час на планетата Земја“, најголемата светска волонтерска акција. Во сабота (27.03.2021), од 20:30 часот, локалната самоуправа ќе го изгасне јавното осветлување на три локации: плоштадот „Делфина“ во Влае 2, плоштадот спроти студентскиот дом „Гоце Делчев“ во урбаната заедница „Пецо Божиновски – Кочо“ и платото на „Млечен“, во УЗ „Владо Тасевски“.

Со гасењето на светилките, во времетраење од еден час испраќаме силна порака за спас на планетата Земја. На овој начин се потсетуваме на значењето на електричната енергија, но и влијанието на климатските промени.

„Часот на планетата Земја“ е акција која ја истакнува и одговорноста на секој чинител за одговорно однесување кон животната средина.

Кон акцијата може да се приклучи секој граѓанин или деловен субјект, со тоа што ќе го исклучи светлото во определениот час, но нема да ја загрози својата лична и јавна безбедност.

ООУ „Ј.А.КОМЕНСКИ“ ОД КАРПОШ ОДБЕЛЕЖА 57 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ

Основното училиште „Јан Амос Коменски“ одбележува 57 години од своето постоење. Оваа година, како резултат на КОВИД – 19 пандемијата, патрониот ден се одбележа со прилагодени, претежно онлајн активности.

Сепак, училиштето организираше и ликовен и литературен конкурс за заинтересираните ученици.

Исто така, учениците подготвија и кратко видео од онлајн наставата, кое опфаќа интересни моменти од часовите.

Градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев на сите ученици, наставници и административно – технички кадар им го честиташе денешниот ден:

– Оваа година, патрониот ден се одбележува со онлајн активности иако на сите ни недостасува вообичаениот начин. Искрено, се надевам дека следната година ќе се одбележи во поспокојни услови. Затоа што не постои онлајн платформа која целосно може да ја замени непосредноста, директниот контакт, поздрав, насмевка, емоција или перформанс.

Честитки и чувајте се, истакна Богоев преку својот официјален Facebook профил.

Во изминативе години континуирано се подобруваа условите во оваа образовна установа. Општина Карпош целосно ја реконструираше училишната спортска сала, а во надворешниот дел се направија и нови терени за кошарка, фудбал и ракомет.

ЕКО – УЧИЛНИЦА ВО „П.П.АРСОВ“ ВО КАРПОШ 4

Основното училиште „Петар Поп Арсов“ во Карпош 4 доби нова еко – училница. Во надворешниот дел од дворот, со ре – употреба на пластика и дрво, направени се нови елементи за потребите на учениците и наставниот кадар и за спроведување на настава на отворено. Оваа училница дополнително ќе се прошири во должина на останатиот дел од дворот, со цел за да опслужува повеќе ученици.

На овој начин се овозможува побезбеден образовен процес за учениците кои следат настава со физичко присуство, а притоа се поттикнува и креативноста кај младите

Првата еко – училница од ваков тип беше направена во училиштето „Лазо Трповски“, а потоа примерот го следеа и другите образовни инситуции во Карпош, училиштата „Владо Тасевски“, „Вера Циривири – Трена“ и „Аврам Писевски“.

Во посета на „П.П.Арсов“ денеска беше градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев, кој најави повеќе еко – активности кои локалната самоуправа ќе ги спроведе во пролетниот и летниот период.

Овие денови ќе распишеме јавен повик за избор на најдобро уреден училишен двор или дел од дворот, на кој ќе можат да аплицираат сите десет основни училишта. Ги стимулираме учениците, наставниот кадар и родителите да се вложат во раззеленување на овие површини и планско искористување на просторот за потребите на најмладите жители, рече Богоев.

Тој истакна дека Општина Карпош го подготвува и јавниот повик за субвенционирање на нови велосипеди. Исто така, претстои изведба на уште четири маалски паркови, каде што ќе се засадат нови тревни површини и украсни растенија со системи за наводнување, а ќе се постават и реквизити за најмладите.

Оваа сезона, Карпош продолжува и со зголемување на меѓублоковското зеленило при што, внатрешно, во сите населби, ќе бидат засадени 150 висококвалитетни дрвја.